| MACEDONIANFISHING FEDERATION<br>Bul.“KocoRacin”75,Skopje<br>Republic of Macedonia<br>Tel./fax: +389 2 31 64 539<br>E.mail: contact@mrf1952.mk<br>Web site: www.mrf1952.mk | | МАКЕДОНСКАРИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Бул.“КочоРацин“75Скопје,<br>Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>E.mail: contact@mrf1952.mk<br>Web site:www.mrf1952.mk |
|---|---|---|

**ПРОГРАМА ЗА 1-ВО и 2-РО КОЛО ОД**
**ДРЖАВНА ЛИГА во дисциплина МУШИЧКА**
**2024**

Организатор: **Македонска Риболовна Федерација**

Домаќин: **ЗРСРК Рибар 2011 - Скопје**

Термин на одржување:**24.03.2024**

Место: **река Треска (Скопска), кај месноста Матка**

Право на учество на лига натпреварите во организација на МРФ, во поединечна конкуренција, имаат сите натпреварувачи регистрирани во РЗК членки на МРФ, кои навремено го извршиле пријавувањето, имаат решение за вршење на дејност спорт од Агенција за млади и спорт, матичното РЗК да има уплатена членарина за тековната година на жиро сметка на МРФ најдоцна 7 (седум) дена пред почетокот на натпреварот на кој ќе учествуваат.

**Рок за пријавување:15.03.2024**

Број на натпреварувачите не е ограничен.

Сите натпреварувачи мораат да бидат регистрирани спортски риболовци и да поседуваат спортска легитимација пред почетокот на натпреварите за тековната година, согласно правилникот за регистрацијана МРФ. Нерегистрираните членови немаат право на настап.

Предвиден е улов на риба само од видот пастрмка.

**За учество во лигата ќе се плаќа котизација од 2000 денари по натпреварувач.**

За фер и коректно спроведување на натпреварот Македонската риболовна федерација ќе ангажира доволен број на судии.

Судискиот колегиум ќе биде дополнително одреден.

Натпреварот ке биде во еден или два сектори, со извлекување на сектор и позиции за секој натпреварувач одделно, во зависност од бројот на пријавени натпреварувачи. Патеката ја одредува натпреварувачката комисија за мушичка од МРФ.

**ПРОГРАМА**

**Недела,24.03.2024**

7:30-7:45 часот - Пристигнување на натпреварувачите на предвидената патека

**7:45 до 8:15 часот** - Ждрепка за позиции за прво коло и подготовка на натпреварувачите

**8:15 до 8:30 часот**–Распоредување на натпреварувачите по позиции

**8:30 часот** - Почеток на првото коло од натпреварот

**11:30 часот** - Крај на прво коло од натпреварот

**11:30 до 12:45 часот** - Враќање на збирното место, ждрепка на позиции за второ коло и подготовка на натпреварувачите

**12:45 до 13:00 часот** – Распоредување на натпреварувачите по позициите

**13:00 часот**-Почеток на второто коло од натпреварот

**16:00 часот**-Крај на второ коло

**Македонска Риболовна Федерација**
**Натпреварувачката комисија за мушичка**